РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12 - 1802/3
18-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-1238/1 од 20.02.2020 година, оформен по доставена пријава за незаконско постапување при работно ангажирање на лица во Матичната служба во ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1238/1 од 20.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 20.02.2020 година поднесена е пријава за незаконско постапување при работно ангажирање на лица во Матичната служба во ///, и оформен е предмет број 12-1238/1 од 20.02.2020 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско постапување при работно ангажирање на лица во Матичната служба во /// во 2019 и 2020 година. Според изнесеното во пријавата, во Матичната служба немало технички услови за исполнување на работни обврски од страна на лицата, па тие немале дневни ангажмани и не го почитувале работното време.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање информации до Управата за водење на матичните книги.

Од страна на Управата за водење на матичните книги бараните информации беа доставени, и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Управата за водење на матичните книги имала обезбедено согласност за вработување од Министерството за финансии, на 22 лица во 2019 година, на 80 лица во 2020 година и на 80 лица во 2021 година. Во периодот од 2019 до 2021 година во матичното подрачје /// биле ангажирани три лица, по спроведување на постапки по јавни огласи, врз основа на донесени одлуки за избор на лицата како вршители за работното место /// и врз

основа на наредби за извршување на работните задачи и обврски во матичното подрачје /// кои биле донесени од страна на директорот на Управата.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, така што истата нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**